Врз основа на член 17 став (7) одЗаконотзавработенитевојавниотсектор(„СлужбенвесникнаРепубликаМакедонија“бр. 27/14, 199/14,27/16, 35/18 и 198/18 и „СлужбенвесникнаРепубликаСеверна Македонија“бр. 143/19 и 14/20), министерот за образование и наука, наден 12 .06.2020година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за измена на Правилникот за внатрешна организација наМинистерството за образование и наука**

**Член 1**

Во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за образование и наука бр. 04-2496/1 од 23.02.2018 година, во глава I, член 2 зборовите „Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците (во натамошниот текст Управата)“, се бришат.

**Член 2**

ВоПравилникот за внатрешна организација на Министерството за образование и наука главата IV и членот 15, се бришат.

**Член 3**

ВоПравилникот за внатрешна организација на Министерството за образование и наука во глава VI, членот 18се брише.

**Член4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број: 04-5709/3
12 . 06.2020 година

Скопје

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и бр.14/20) министерката за образование и наука, на ден 16.10.2020 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Министерството за образование и наука

Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на Министерството за образование и наука со бр. 04-2496/1 од 23.02.2018 година и бр. 04-5709/3 од 12.06.2020 година.

Член 2

Во глава II. ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО И НИВНИОТ ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА, во член 3, по точката со број 6. Сектор за меѓународна соработка, се додава точка 6-а која гласи: „6-а. Сектор за стратешко планирање и анализи за креирање на политики“.

Во истиот член, точката со број 13. Одделение за стратешко планирање и анализа, се брише.

Член 3

По членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

„9-а

6-а. СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНРАЊЕ И АНАЛИЗА ЗА КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ

Секторот за стратешко планирање и анализи за креирање на политики ги врши следниве работи:

- дефинирање на мисијата и визијата на министерството согласно планираните реформски процеси;
- утврдување, дефинирање и ажурирање на среднорочни приоритети и цели на министерството, согласно целите и приоритетите на Владата;
- во соработка со Секторот за финансиски прашања утврдување на фискалните

импликации за планираните програмски и проектни активности согласно расположливите буџетските средства;

- прибирање, систематизирање, анализирање и ажурирање на податоците за спроведувањето на програмите на министерството;
- прибирање и доставување на иницијативи за Програмата за работа на Владата;
- подготвување на анализа и проекција на евентуални ризици во реализацијата на програмите од надлежност на министерството и подготвување на план за нивно превенирање и спречување;
- спроведување на мониторинг и евалуација на постигнувањата, и подготвување на мониторинг извештај за реализација на програмите;
- изработка на мислења, информации, годишни и квартални извештаи на реализацијата и постигнувањата на програмите содржани во Стратешкиот план, како и мерки =те и активностите од Годишниот план за работа;
- Спроведување на истражувања и анализи од областа на надлежностите на министерството за образование и наука во насока на обезбедување на релевантни докази и податоци за состојбите кои ќе придонесат за креирање на квалитетни развојни и инклузивни образовни политики;
- Подготвување методологии за истражување и анализа, развивање на соодветни алатки за прибирање на податоци, дефинирање на целни и фокус групи и сл.;
- Учество во подготвување на сложени меѓу-институционални и мулти-ресорски истражувања;
- Учество во подготовката на клучните документи и креирањето на стратегии и политики на министерството поврзани со процесот на реформа и унапредување на образовниот систем и состојбите во науката;
- Спроведување на различни видови на аналитички теориски и/или емпириски истражувања за одделни сегменти од образовниот систем и состојбите во науката по потреба или по барање на соодветната организациона единици во министерството;
- Обезбедување на услови за подобрување на функционалностите, достапноста и употребата на податоците во министерството преку употреба на ЕМИС како главен извор на податоци од училиштата, како и податоци добиени преку други внатрешни или надворешни извори (Државен завод за статистика, Државен испитен центар, Државен просветен инспекторат, Биро за развој на образованието и др.), како и обезбедување квалитет на податоците кои се внесуваат во ЕМИС
- Развивање на соодветни индикатори за редовно следење на напредокот на имплементацијата на образовните политики во однос на националните приоритети/цели, како и воспоставување на системи за евалуација на политиките (ex-ante и ex-post) преку утврдување на нивниот ефект врз подобрувањето на целокупните процеси во сферата на образованието и науката;

прибирање и обработка на квантитативни и квалитативни податоци, структура и цел на истражувањето, развивање на соодветни алатки за прибирање на податоци, дефинирање на целни и фокус групи и сл.;

- Учество во подготвување на сложени меѓу-институционални и мулти-ресорски истражувања во кои се вклучени повеќе институции и/или засегнати страни (министерства, самостојни органи на државна управа или самостојни државни органи, меѓународни истражувачки центри, академската заедница, експертски групи, невладини организации и здруженија на граѓани кои дејствуваат во областа на надлежност на министерството и сл.);
- Учество во подготовката на клучните документи и креирањето на стратегии и политики на министерството поврзани со процесот на реформа и унапредување на образовниот систем и состојбите во науката, врз основа на наодите и препораките од спроведените анализи и истражувања;
- Обезбедување на поддршка на избраните и именувани лица во министерството при донесувањето на клучните одлуки за насоките во развојот на образовните и политиките во областа на научната дејност, врз основа на систематски и аналитички пристап базиран на докази;
- Спроведување на различни видови на аналитички теориски и/или емпириски истражувања за одделни сегменти од образовниот систем и состојбите во науката по потреба или по барање на соодветната организациона единици во министерството (поставеноста, состојбата, движењето, трендовите, демографските и социјалните карактеристики, пазарот на трудот, начинот и степенот на спроведувањето на стратегиите и политиките во образованието и науката и сл.), како и компарации со други области на заемно дејствување кои ги засегаат политиките за унапредување на образованието и науката;
- Се грижи за подобрување на функционалностите, достапноста и употребата на податоците во министерството преку употреба на ЕМИС како главен извор на податоци од училиштата, како и податоци добиени преку други внатрешни или надворешни извори (Државен завод за статистика, Државен испитен центар, Државен просветен инспекторат, Биро за развој на образованието и др.);
- Координирање на процесот на подготовката на процедури за обезбедување квалитет на податоците кои се внесуваат во ЕМИС, и обезбедување на стручна и техничка поддршка на вработените во училиштата задолжени за пополнување и обезбедување на податоци;
- Воспоставување на протоколи за соработка, прибирање и размена на податоци кои се потребни за креирање на развојни образовани политики и го обезбедува и координира пристапот и користењето на базите на податоци заради истражување и компарација на меѓу-институционално и институционално ниво во кое се вклучени клучните институции/организациски единици во министерството задолжени за креирање на образовни политики и стратегии за развој на образованието и науката;

- соработка на соодветно ниво со домашни и меѓународни истражувачки центри, претставници на граѓанското општество, експертски групи, консултанти и академски институти кои работат во областа на надлежностите на министерството;
- Следење на меѓународните стандарди и практики во областа на истражувањето во образованието и науката и поставување на одредници за политиките на истражување во рамките на министерството во насока на обезбедување на соодветен пристап до меѓународните истражувачките бази на податоци и услуги.

6.1.-а Одделение за стратешко планирање, следење и евалуација на политики;
- дефинирање на мисијата и визијата на министерството согласно планираните реформски процеси;
- утврдување, дефинирање и ажурирање на среднорочни приоритети и цели на министерството, согласно целите и приоритетите на Владата;
- прибирање, систематизирање, анализирање и ажурирање на податоците од секторите во функција на дефинирање на програмите и подпрограмите содржани во Стратешкиот план на министерството, како и дефинирање на активностите и мерките за спроведување на програмите и подпрограмите содржани во Годишниот план за работа на МОН;
- во соработка со Секторот за финансиски прашања, утврдување на фискалните импликации за планираните програмски и проектни активности согласно расположливите буџетските средства;
- спроведување на мониторинг и евалуација на постигнувањата и изработка на информации, годишни и квартални извештаи на реализацијата и постигнувањата на стратешкиот план;
- прибирање и доставување на иницијативи за Програмата за работа на Владата од областа на образование и наука;
- подготвување на анализа и проекција на евентуални ризици во реализацијата на програмите од надлежност на министерството и подготвување на план за нивно превенирање и спречување;
- спроведување на обуки за стратешко планирање на вработените во Министерството.

6.2.-а Одделение за аналитика и истражување на развојно образовани политики ги врши следните работи:
- Спроведување на истражувања и анализи од областа на надлежностите на министерството за образование и наука во насока на обезбедување на релевантни докази и податоци за состојбите кои ќе придонесат за креирање на квалитетни развојни и инклузивни образовни политики;
- Подготвување методологии за истражување и анализа, вклучувајќи начини за

- Развивање на соодветни индикатори за редовно следење на напредокот на имплементацијата на образовните политики во однос на националните приоритети/цели, како и воспоставување на системи за евалуација на политиките (ex-ante и ex-post) преку утврдување на нивниот ефект врз подобрувањето на целокупните процеси во сферата на образованието и науката;
- Одржување на постојани консултации со јавноста и соработка на соодветно ниво со домашни и меѓународни истражувачки центри, претставници на граѓанското општество, експертски групи, консултанти и академски институти кои работат во областа на надлежностите на министерството;
- Подготвување на информации и работни материјали за состојбата во областа потребни за работните тела на Владата на РСМ и на избраните и именуваните лица и поединечните сектори/одделенија во министерството;
- Подготвување на редовни периодични извештаи за сосотојбата во образовниот систем и науката (месечен, кварталeн, годишен извештај);
- Следење на меѓународните стандарди и практики во областа на истражувањето во образованието и науката и поставување на одредници за политиките на истражување во рамките на министерството во насока на обезбедување на соодветен пристап до меѓународните истражувачките бази на податоци и услуги;
- Учество во процесот на обезбедување на континуирана обука и стручно усовршување на вработените во одделението во согласност со актуелните меѓународни практики, методи и инструменти за истражувачка дејност;
- Континуирано следење и анализа на меѓународните и регионалните трендови на образовните политики во насока на остварувањето на приоритетните цели на министерството."

Член 4

Во глава III. ПОСЕБНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ, во членот 14, точката 3. Одделение за стратешко планирање и анализа, се брише.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број: 04-11406/1

1-6 10- 2020. 2020 година

Скопје

МИНИСТЕРКА,

Мила Царовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
04-1113/2
21-01-2021 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК

за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Министерството за образование и наука

Јануари, 2021

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и бр.14/20) министерката за образование и наука, на ден 21.01.2021 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Министерството за образование и наука

Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на Министерството за образование и наука со бр. 04-2496/1 од 23.02.2018 година, бр. 04-5709/3 од 12.06.2020 година и бр.04-11406/1 од 16.10.2020 година.

Член 2

Во глава II. ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО И НИВНИОТ ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА, во член 3, по точката со број 8. Сектор за организациони работи на Министерството, се менува и гласи Сектор за организациони и инвестициони работи.

Член 3

Во глава II.8. СЕКТОР ЗА ОРГАНИЗАЦИОНИ РАБОТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО се менува и гласи СЕКТОР ЗА ОРГАНИЗАЦИОНИ И ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО.

Член 4

Во глава II.8. СЕКТОР ЗА ОРГАНИЗАЦИОНИ РАБОТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО, во член 11, во точката број 8. СЕКТОР ЗА ОРГАНИЗАЦИОНИ РАБОТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО, се менува И ГЛАСИ СЕКТОР ЗА ОРГАНИЗАЦИОНИ И ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број: 04-1113/2
1.10.2020 година

Скопје

МИНИСТЕРКА,
Мила Царовска